МАКАМ-ТРАНС

**ПРОГРАМА ЗА РАБОТА**

**ПРИОРИТЕТНИ МЕРКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИ ЗА РАБОТА НА ПРЕВОЗНИ ТРГОВСКИ ДРУШТВА ЗА ПРЕВОЗ НА СТОКА ВО ПЕРИОД Септември 2018 – 2023 ГОДИНА**

Врз основа на одржан вонредна работна средба на регионалното претседателство на 08.05.2018 година, покрај другите активности делегатите ги усвојија следните Мерки за подобрување на услови за работа на превозните трговски друштва:

Дел од мерките кои останаа нереализирани или делумно реализирани од Програма за работа септември 2013-2018 остануваат како приоритет и можност за нивно реализирање и во наредниот период од пет години.

**МЕРКИ:**

1. Покренување на постапки за воспоставување билатерални односи во областа на превоз со државите Казахстан, Киргистан, Азербејџан, Грузија и Ерменија, со потпишување на билатерална спогодба за услови на вршење превоз во патниот сообраќај. Обновување на процедури за целосна либерализација на превоз со Белорусија и Украина, ревизија на спогодба со Турција. Иницијативи за редовно одржување на средби на мешовита комисија со држави каде има најголема потреба од дозволи, а Македонија има потпишано спогодби и завршување на процес за укинување наплата на надомест за штаер карти во Германија.

2. Обновување на возен парк како услов за еднаков пристап до европските пазари, зачувување на животната средина од загадување и бучава по пат на обезбедување минимална помош по примерот на државите од Европска Унија - Регулативата на Советот (ЕЗ) бр 994/98 од 7 мај 1998 година за примена на Членовите 107 и 108 од Договорот за функционирање на Европската Унија за одредени категории на хоризонтална државна помош. Помошта може да се одреди во вид на донација или обезбедување на наменска кредитна линија со минимални каматни стапки на рок од минимум 5 години со грејс период од 6 месеци, даночни ослободувања за увоз на моторни возила (влекачи, товарни возила, приклучни возила и автобуси).

3. Да се изврши допрецизирање на Закон за возила. Поаѓајќи од основните одредби на овој Закон од член 1 и 2 каде е наведено дека со овој закон се уредуваат условите за регистрација и техничка исправност на возилата како и постигнувањето на неговата цел, да се обезбеди висок степен на безбедност на сообраќајот на патиштата, заштита на животот и здравјето на луѓето, заштита на животната средина и природа и енергетска ефикасност. Да се овозможи изработка на резервни таблици за регистрација како мерка на заштита на средства и време во услови на изгубена или уништена регистарска таблица

4. Да се изврши допрецизирање или изработка на нов Закон за превоз во патниот сообраќај со вметнување на одредба за лимитирање на издавање на Лиценци за вршење на дејност како право на надлежното Министерството за транспорт и врски на Р.Македонија, кое се спроведува за зачувување на конкурентноста на лиценцираните превозници врз основа на анализа на состојбата во одреден анализиран период, како и одредби за постапки во услови на криза во областа на

вршење на превоз во патниот сообраќај и анулирање на сите штетни и дискриминирачки одредби од истиот особено во делот за центри за обука и воспоставување на можност за евиденција на КОД 95 во возачките дозволи на возачите.

5. Дополнување на Уредба за издатоци за службени патувања и селидба во странство што на органите на управување им се признаваат во тековни трошоци со одредби за одредување на фиксен износ за дневници кои ќе се исплатуваат на возачите при што нема да има влијание одредба од Влада за заштеда на трошоци на работењето на државните органи.

6. Проекти за јавно приватно партнерство со изградба на логистички центри на граничните премини и на влез на поголемите градови на територија на Р.Македонија каде постојат големи шанси да се искористат и средства од ИПАРД фондови за помош и поддршка на развој на држави во транзиција во соработка со здруженија, синдикати и комори на превозни трговски друштва и е-шпедитерски куќи.

7. Продолжување на мерката за целосно спроведување на активности на Инспекторите за квалитет на стока (земјоделски и санитарни инспектори за храна) инспекторскиот надзор да го вршат во царински терминали во работно време идентично со царинскиот орган, а не на граничните линии.

8. Продолжување на мерката за воведување на работно време 24/7 на инспекторите од сите институции кои имаат надлежност за постапување на граничната линија на гранични премини од „А“ категорија

9. Усогласување на материјата од законски акти во делот од инспекциски надзор и другите закони со законска материја која го регулира превозот во патниот собраќај на национално и мултинационално ниво.

<u>Агенција за храна и ветеринарство</u>

- Правилник за начинот и постапка за добивање на одобрение на превозниците и превозните средства за храна и другите производи од животинско потекло – да се земат во предвид документите кои Министерството за транспорт и врски ги издава на превозниците за вршење на дејност (лиценца) како и за јавен превоз така и за сопствени потреби како мерка за сузбивање на нелојална конкуренција и диви превозници и олеснување на процедурата;

- Правилник за општите барања за примарно производство и придружни операции како и општите барања за храна член 14 став 2, 4 и 5 - да се изврши прецизно дефинирање на поимите што се подразбира и на каков вид возила се мисли при одредување на условите за превоз на храна во садовите во возилата и за транспортни средства и/или контејнери за превоз на храна во рефус, течна, зрнеста форма или во прав;

- Закон за ветеринарно здравство член 74 став 2 – јасно да се одвојат обврските на превозниците на производи и нуспроизводи од

животинско потекло од оние кои се предвидуваат за превозници на жива стока во согласност со директива ЕУ 91/628/EEC т.н. „Транспортна директива“ во која се вбројува и изработка на извештаи за состојбата на живата стока во текот на превозот од страна на возачот.

- Закон за прокурзори

- Организација на превоз, обезбедување на автентично толкување за примена на овој член од Закон за превоз во патниот сообраќај

- Царински закон и подзаконски акти, меѓу кои укинување на надомест за користење на државни царински терминали.

**10.** Оспособување на скенери или набавка на нови како мерка на контрола на стока која се превезува што ќе овозможи заштеда на време при вршење на превоз, поправка или замена на колски ваги поставени на граничните премини, редовно баждирање на истите.

**11.** Зголемување на транзитниот период за завршување на транзитна постапка за македонски превозници како мерка за подобрувањето на услови за работа со оглед на фактот дека дома (матичната држава) е место за тековно одржување на возилата, проверка и замена на расипани или оштетени делови, одмор на возач и сл.

**12.** Министерство за надворешни работи - Поголема активност за заштита на македонските превозници на територија на Европа со директни комуникации со надлежни органи во други држави и директно преку Европска комисија:

- Проблем Хрватска и Англија со мигранти и наплата на висока глоба;
- Заштита на превозници кога се спроведуваат нестандардни мерки за ограничување на пристап на транспортниот пазар како што е случај особено со Франција и Белгија.

**13.** Мерка за изработка на предлог измена на метода за пресметка на надомест за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила**.**

__**Објаснување:**__ Во постојната Одлука за висината и начинот на плаќање на надоместокот за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила, надоместокот за патна такса при регистрација на моторните возила се пресметува врз основа на зафатнина на моторот наместо според носивост на товарните моторни возила, со постојниот метод на пресметка појаките и понови марки на товарни возила кои исто време се полесни и ја заштитуваат животната средина се оптеретени со поголеми износи како надоместок за годишна регистрација. Искористувањето на патната инфраструктура е според тежината на возилата, а не според јачината на моторот.

Авансното плаќање на надомест за патишта во голема мера претставува оптеретување на превозните трговски друштва и делува многу дестимулативно поради фактот што постарите т.н црни возила кои во исто време се многу потешки и

повеќе влијаат на оштетување на патната инфраструктура плаќаат помал износ при регистрација на возилото, а ист износ при плаќање на патарина при движење по патиштата на Р.Македонија.

Во сите држави членки на Европската Унија се одредуваат посебни бенифиции за возила од повисок еуро стандард со што најмногу се ослободени од надомест за патарина возилата со Еуро 5 и Еуро 6 стандард како мерка за стимулација за обновување на возниот парк и заштита на животната средина.

**Пример:**

- Во Германија, се воведоа нови цени за патарина за камионите со бруто тежина на возилото од 12 тони и повеќе. Од 2015 година трошоците за загадувањето на воздухот, предизвикано од камионите, ќе бидат вклучени во износите за патарина, а износот на патарина ќе се базира на класата на емисија (Еко Класата) на возилото. Инфраструктурните трошоци се пресметуваат различно за возила со до три оски и возила со четири или повеќе осовини. Трошоците за загадувањето на воздухот се утврдуваат врз основа на класата на емисијата на возилото;

- Во Австрија е покачена патарината за возилата над 3.5т според Еко класата, освен за возилата со класа Еуро 6;
- Владата во Чешка одлучи да ја покачи патарината и исто така имплементираше нова тарифна категорија за Еуро 6 возилата.

Со промена на методата на пресметка на патна такса и наплата на патарина ќе се постигнат повеќе ефекти, намалување на трошоци на превозните трговски друштва кои континуирано вложуваат во обнова на возниот парк, стимулација за останатите превозници да вложуваат во возила со повисок еуро стандард, заштита на патната инфраструктура и на животната средина како од домашни така и од странски превозници особено и поради фактот што насекаде се обновува или гради нова патна инфраструктура на територија на Република Македонија.

**14.** Континуитет во спроведување на проект за едукација на вработени лица во превозните трговски друштва со особен акцент на возачите, анимирање на млади лица за оваа професија преку директна соработка со надлежни министерства за социјална политика и образование.

**15.** Поттикнување на движење за воспоставување на синдикални организации кај превозници кои имаат поголем број на вработени од 7 лица, со цел да се воспостави репрезентативност на Асоцијација „Превозник“ како синдикат на вработени од превозот во приватниот сектор и овозможување да се потпише колективен договор од областа на превозот со Асоцијација Макам-транс која е репрезентативен претставник на работодавачите од оддел превоз во патниот сообраќај.

**16.** Континуирано следење на примена на Уредба за распределба и дистрибуција на меѓународни дозволи и давање на предлози за нејзино допрецизирање и

практична примена, следење на изработка на програм за водење на база на превозници и распределба на меѓународни дозволи во МТВрски.

**17.** Барање за впишување на КОД 95 – СПК на возач во возачките дозволи на возачите.

**18.** Барање за враќање на смер возач во средните технички училишта

**19.** Секој актуелен проблем што се појавува, односно е детектиран од превозниците како елемент за нарушување на условите за вршење на дејност ќе се вградува во поединечни делови од Програма за работа на годишно ниво.

Изработил :

Биљана Муратовска
Генерален секретар

Скопје 08.05.2018 година

АСОЦИЈАЦИЈА НА ЗДРУЖЕНИЈА НА РАБОТОДАВАЧИТЕ НА ПРЕВОЗНИТЕ ТРГОВСКИ ДРУШТВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МАКАМ-ТРАНС
Скопје
1